# Посета на Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија



Делегација на Комисијата за заштита на конкуренцијата предводена од претседателката Ана Николоска оствари работна посета на Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија.

Главните теми на разговор беа билатералната соработка во спроведување на политиката за заштита на конкуренцијата и конкретните начини за проширување на соработката дефинирана во Меморандумот за меѓусебно разбирање и соработка во областа на политиката и правото на заштита на конкуренцијата, потпишан во 2016 година.

Исто така, на средбата се разменија искуства меѓу двете тела во процесот на приклучување на Република Србија и Република Северна Македонија во Европската Унија и понатамошното унапредување на регионалната соработка меѓу телата за заштита на конкуренцијата.

На средбата од Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија присуствуваа и Розана Ванковска – член и Јован Тодоров – раководител на Сектор, додека од Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија присуствуваа Чедомир Радојчич и Синиша Милошевич – членови на Советот и Миле Узуновски – раководител на Сектор.